МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
Број на сертификат:
CT-16/3-023

Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Бр. сл. 02-6106/2
16.05.2018 год.

Аминта трети бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

Согласно директивата за Набавка на KfW "Упатствата на KfW за Набавка на Добра, Градежни работи и поврзани Услуги, во Финансиската Соработка со Земјите партнери" издадена од страна на Kreditanstalt für Wiederaufbau (KFW) Банка, Германија, (верзија од Август 2016 година) и Договорот за Заем помеѓу Владите на Република Македонија и Сојузна Република Германија, за финансирање на проектот „Програма за Наводнување на Јужната Долина на Вардар" , Министерството за Земјоделство, Шумарство и Водостопанство, донесува, објавува:

# *Ј А В Е Н   П О В И К*
## за набавка бр. 02-6106/2018

### 1. Набавувач
Набавувач е Министерството за Земјоделство, Шумарство и Водостопанство, Управа за Водостопанство, претставувана од Единицата за Имплементацијата на Програмата, ул. "Јосиф Јосифовски" (барака) Гевгелија.

### 2. Процедура за набавка
Тендерот ќе биде отворен, под еднакви услови, за сите физички и правни лица, кои учествуваат поединечно или во група (заедничко вложување) од подобните земји.
Набавката ќе биде извршена со меѓународен отворен повик и согласно со пост-квалификациона постапка (процедура на две пликоа) опишана во "Упатствата на KfW за Набавка на Добра, Градежни работи и поврзани Услуги, во Финансиската Соработка со Земјите партнери" издадена од страна на Kreditanstalt für Wiederaufbau (KFW) Банка, Германија, (верзија од Август 2016 година).

- На првата јавна седница ќе бидат отворени само квалификационите документи и техничките понуди и оценети врз основа на критериумите од Тендерската документација. Понудите што ги поминале квалификациските и техничките критериуми и се сметаат за соодветни ќе бидат прифатени за отворање на финансиските понуди.
- На втората јавна седница, финансиските понуди ќе бидат отворени само на квалификуваните понудувачи. По верифицирањето и корекцијата на аритметичките грешки, најниската понуда ќе биде предложена за доделување на Договорот.

Набавката ќе ја спроведува Комисијата за спроведување на постапките за јавни набавки назначена од Министерството за Земјоделство, Шумарство и Водостопанство согласно Одлуката за формирање на комисија за спроведување на постапките за јавни набавки со бр.02-7614/1 од 18.10.2017 година.

### 3. Предмет на набавка
Предмет на оваа набавка е изведба на „Градежни Работи и останати работи на Систем за Наводнување Валандово„ поделени во два пакета, Пакет 1: „Градежни Работи и останати работи на Систем за Наводнување Валандово„ и Пакет 2: „Препумпна станица Страиште" од Програмата за Наводнување на Јужната Долина на Вардар Фаза 2. Понудувачите треба да доставаат понуда за двата пакета.

Системот за наводнување Валандово и Препумпната Станица Страиште се наоѓа во Општина Валандово (Југоисточен регион на Македонија) и покрива 2032 ha површина за наводнување. Работите ќе вклучуваат изведба на Разделна градба (праг) на Реката Вардар, рехабилитација на зафатната градба и главната целосно автоматизирана пумпна станица (номинален проток од 2.4 m3/s),

изведба на главен гравитачен цевковод (L=8,874 m) и пет препумпни станици и модернизација на дистрибутивната цевководна мрежа.

**4. Извор на средства**

Владата на Република Македонија го финансира проектот во рамките на финансиската соработка помеѓу Германија и Македонија. Проектот е финансиран со 70 % од заемот од Владата на Сојузна Република Германија преку развојната банка KfW и 30% од Владата на Република Македонија. Пакет 2 ќе биде финансиран од Македонски средства.

**5. Критериуми за подобност**

Понудувачите можат да поднесат понуди ако на нив не се однесува ниту една од следниве причини за исклучување:

1. Со исклучок на било која опрема или сектор што е предмет на ембарго од страна на Обединетите нации, Европската Унија или Германија, сите добра, градежни работи, постројки, консултантски услуги и неконсултантски услуги се квалификувани за финансирање од страна на KfW, без оглед на земјата на потекло на средствата или ресурсите користени во процесите на имплементација од страна на изведувачот, добавувачот, под-изведувачот, консултантот или под-консултантот. Договорниот Орган значи Набавувачот, Работодавачот, Клиентот или Извршната Агенција на Проектот, во зависност од случајот, за набавка на добра, работи, постројки, консултантски услуги или неконсултантски услуги.

2. Физички или правни лица (вклучувајќи членови на одборот или законски претставници, сите членови на заедничко вложување или некој од нивните добавувачи, изведувачи, под-изведувачи, консултанти или под-консултанти) нема да им биде доделен договор финансиран од KfW, ако на денот на доставувањето апликација, Понуда или предлог, или на датумот на доделување на договорот, тие:

   2.1 Се банкротирани или се ликвидирани или се стопирани нивните активности, нивните активности ги спроведуваат судовите, влегуваат во стечај или се во било каква слична ситуација што произлегува од слична процедура;

   2.2 се:

   (a) осудени, во последните пет години со судска одлука, која има сила на *res judicata* во земјата каде што се применува договорот, за измама, корупција или за кое било друго кривично дело извршено за време на тендерски процес или извршување на договор, освен ако обезбедат дополнителни информации заедно со нивната Изјава за Преземање (Формулар достапен како Додаток на Апликацијата, Понудата или Формулар за Поднесување на Предлог), кои покажуваат дека оваа осуда не е релевантна во контекст на овој договор и дека се преземени соодветни мерки за усогласување;

   (b) предмет на административна санкција во последните пет години од страна на Европската унија или од страна на националните власти, било во земјата на Договорниот Орган или на KfW, за измама, корупција или за какво било друго кривично дело извршено за време на тендерски процес или извршување на договор, освен ако обезбедат дополнителни информации заедно со нивната Изјава за Преземање (Формулар достапен како

Додаток на Апликацијата, Понудата или Формулар за Поднесување на Предлог), кои покажуваат дека оваа санкција не е релевантна во контекст на овој договор и дека се преземени соодветни мерки за усогласување;

(c) осудени, во последните пет години со судска одлука, која има сила на *res judicata*, за измама, корупција или за кое било друго кривично дело извршено за време на тендерски процес или извршување на договор финансиран од KfW;

2.3 се наведени за финансиски санкции од страна на Обединетите нации, Европската Unија и/или Германија заради финансирање на борбата против тероризмот или закана за меѓународен мир и безбедност. Овој критериум за исклучување се применува и за правни лица, чие мнозинство од акции се држи или фактички се контролира од страна на физичко или правно лице наведено во списокот;

2.4 во последните пет години е предмет на раскинување на договорот целосно решен против нив за значајно или постојано неисполнување на нивните договорни обврски во текот на извршувањето на договорот, освен ако е оспорен овој престанок и решавањето на спорот се уште се чека или не е потврдено целосно решение против нив;

2.5 не ги исполниле своите фискални обврски во врска со плаќањата на даноците во согласност со законските одредби на земјата каде што се конституирани или земјата на Договорниот Орган;

2.6 подлежат на одлука за исклучување од Светската банка и се наведени на веб-страницата http://www.worldbank.org/debarr, освен ако не обезбедат дополнителни информации заедно со нивната Изјава за Преземање (Формулар достапен како Додаток на Апликацијата, Понудата или Формулар за Поднесување на Предлог) кои покажуваат дека ова исклучување не е релевантно во контекст на овој договор и дека се преземени соодветни мерки за усогласување;

2.7 направиле лажни документи или извршиле погрешно претставување во документацијата побарана од страна на Договорниот Орган како дел од тендерскиот процес на овој Договор.

3. Субјектите во државна сопственост можат да учествуваат само ако можат да докажат дека тие (i) се законски и финансиски автономни и (ii) работат според законот за трговското право. За да биде подобен, субјект во државна сопственост треба да докаже на задоволство на KfW, преку сите релевантни документи, вклучувајќи ја и својата Повелба и други информации што може да ги побара KfW, дека: (i) е правно лице одвоено од државата (ii) во моментот не добива значителни субвенции или буџетска поддршка; (iii) функционира како било кое комерцијално претпријатие и, меѓу другото, не е обврзан да го пренесе својот вишок во својата држава, може да стекнува права и обврски, да позајмува средства и да биде одговорен за отплата на своите долгови и може да биде прогласен за банкрот.

**6. Како да се добие тендерската документација**

Тендерската документација ќе биде издадена на заинтересираните понудувачи по предходна уплата на неповратен надоместок во висина од 61,000 МКД (шеесет и една илјада денари) (на уплатница ПП50), на сметка на МЗШВ 140010028063119 приходно конто 725930 програма 21, трезорска сметка

100000000063095, цел на дознака "за тендерска документација". По презентацијата на платниот налог, Тендерската документација може да се добие преку Единицата за Имплементација на Проектот (ЕИП) „Програма за Наводнување на Јужната Долина на Вардар" ул. "Јосиф Јосифовски" (барака) Гевгелија, секој работен ден од 08:00 до 17:00 часот. Тел. 034-217-630 или тел./фах 034-217-631. Контакт лице Г-дин Горан Ангелов, Директор на ЕИП.

**7. Рок за достава на понуди**

Понудите, подготвени според барањата на тендерската документација, да бидат поднесени најдоцна до 04.07.2018 година до 10:00 часот во Архивата на Министерството за Земјоделство, Шумарство и Водостопанство (МЗШВ), Аминта трети бр.2, 1000 Скопје.

8. **Пред-Тендерски состанок и посета на терен**

Задолжителен пред-тендерски состанок и посета на терен ќе се организира од ЕИП на 11.06.2018 година во 10:30 часот во Канцелариите на ЕИП, ул. Јосиф Јосифовски (барака), Гевгелија .

*КОМИСИЈА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ*